# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*



| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 16 Ноември 2009 година<br>Службен гласник број 15<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|





*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Планот на развојни програми на Општина Прилеп за 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 2939/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 16.11.2009 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 26 ст.1 т.47 од Статутот на општина Прилеп („Сл. гласник на општина Прилеп“ бр.6/03 и 15/05), а согласно член 21-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите(„Сл. весник на РМ“ бр.04/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 12.11.2009 година, донесе:

**ПЛАН НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ**
**На Општина Прилеп за 2010 година**

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поагајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на општина Прилеп, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во обlастите од комуналното уредување, водоснабдувањето, како и изворите на енергија, Општина Прилеп особено ќе развива планови и програми и тоа:

1.Развојна програма -
**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Изградбата и реконструкција на улиците и локалните патишта во Општина Прилеп се однесува на оној дел од патната мрежа кој е во лоша и руинирана состојба и не соодветствува согласно фрекфенцијата на сообраќајот, а со реконструкцијата ќе се овозможи сигурно и безбедно одвивање на сообраќајот како по улиците низ градот така и до (низ) населените места.

За дел од улиците има техничка документација а за останатите ќе се изврши изготвување на техничка документација согласно ДУП или состојбата на лице место таму каде нема ДУП-ови.

Ризик постои околу решавање на имотно правните односи и евентуално недовршена денационализација на земјиштето.

Датум на започнување со имплементација на проектот се планира 01.05.2009 год., а датум на завршување на проектот се планира 30.11.2011 год.

Првобитно планирани средства за оваа развојна програма беа во вкупната вредност од 105.000.000 ден.

Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 105.000.000 ден,

ќе се извршува фазно во три години започнувајќи од 2009 год. па се до 2011 година.

Првата фаза од Развојната програма која се однесуваше на планираните активности во 2009 година во целост е реализирана.

Во текот на тековната 2009 година извршено е комплетно рекогносцирање на патната мрежа како во градот така и во населените места во Општината при што е констатирано дека добар дел од коловозите се всушност земјени патишта, а исто така дел од асфалтираните улици се оштетени и е потребно нивна рехабилитација.

Поради сето горенаведено , се врши зголемување на Развојната програма , за да може да се подобри состојбата со патната и улична мрежа во Општината.

Со оглед дека станува збор за вредност која е апроксимативно дадена, планираме во Буџетот на Општина Прилеп за 2010 год. да се предвидат средства во износ од 60.000.000 ден за изградба на 45.000 м$^2$ , асфалт , а исто толку средства се планираат во 2011 год.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на Општината ќе се користат и 80 % од средствата трансферирани од Агенцијата за државни патишта на РМ, согласно годишните програми за периодот 2009-2011 година.

2.Развојна програма -

**ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ СТУДЕНЧИЦА ПРИЛЕП ВО КРИЗНИ ПЕРИОДИ**

Овај проект беше предвиден во развојната програма со почеток од 2009г. , но од причини што светската економска криза со сета нејзината целосност и сеопфатност , негативно се одрази врз приходите и на Општинскиот Буџет, како и користењето на капацитетите на Општинската администрација за реализирање на Проектот "Изградба на бунарскиот систем Кишовица- Бегова ливада" , планираните активности за 2009 годуина се одложуваат за 2010 година ,односно оваа развојна програма ќе се реализира во периодот 2010-2012 година.

Изработката на физибилити студија за дополнување на водоводниот систем Студенчица-Прилеп во кризни периоди , е потребна поради неповолните климатски и хидро геолошки состојби во Прилепскиот регион и пошироко , како и од причина што во последните години издашноста на изворот Студенчица варира, како и поголемиот број на корисници и нееднаквата распределба на водните ресурси.

Физибилити студијата ќе ги опфати сите расположиви водни ресурси во општина Прилеп , што ќе допринеси со студиозна и научна анализа , да ги понуди идните можности за дополнување на системот Студенчица за трајно решавање на проблемот со водоснабдувањето во Прилеп.

Почетокот на изработка на студијата е февруар 2010 год. , со избор на изработувач согласно законите за јавна набавка , и поради сложеноста, обемноста и очекуваниот квалитет на истата , треба да биде завршена во 2012 година со Основен проект кој ќе го понуди најдоброто решение за дополнување на системот Студенчица Прилеп.

Планираните средства од 15.000.000,оо денари ќе бидат обезбедувани во наредниот тригодишен развоен период , при што ќе се обезбедат услови за опФаќање на повеќе алтернативни решенија и нивна споредба за добивање најповолно решение.

Ризикот за навремено и квалитено изработена студија , е бројот на населението и големата површина за покривање со водоснабдителниот систем, голем број на алтернативни решенија, немање соодветни показатели за брза изработка на базите на податоци и добивање на веродостојни податоци за изработка на студијата.

Средствата се планираат да се обезбедат од изворните приходи на буџетот на општина Прилеп за 2010-2012.

3. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

**ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

Со оваа програма се предвидува да се градат водоснабдителни системи во оние населените места на општина Прилеп , каде нема такви системи. Водоснабдителни системи ќе се градат , согласно на основен проект и техничка документација која треба да биде изработена и прибавена во текот на 2009 год. , кога ќе започне и нивната реализација на терен.

Малиот број на опфатени села со водоводи и ограничените средства, налага приоритет да му се даде на населените места каде има поголем број на жители и во места каде има индикации од загаденост на

бунарите или друга вода која ја користат граѓаните.

Се планира вкупната вредност на развојната програма да изнесува 45.000.000,00 ден., при што ќе бидат изградени водоснабдителни системи во осум населени места на Општина Прилеп.

Оваа развојна програма беше планирана како тригдишна и требаше да се реализира во периодот 2009-2011 , со почеток за реализација од февруари 2009 год. , и тоа со распишување на тендер за проектирање на водоснабдителни системи во населените места, а по изработката на основен проект и добивање на одобрение за градење , ќе се пристапи кон реализација во јуни 2009 год. , повторно со избор на најдобар понудувач, согласно законот за јавни набавки.

Од причини што планираните активнисти за 2009 година во износ од 12.000.000,00 денари се во тек на реализација , и тоа во износ од 2.000.000,00 денари ,при што ќе биде завршена само првата фаза на водоснабдителниот систем во с.Подмол, а имајќи ја во во предвид актуелноста на проблемот со водоснабдување на населените места и створање на услови за зголемување на стандардот на живеење,прекинување на миграцијата село-град ,а воедно и створање на услови за повторно заживување на селата , така што за целосна реализација ( изградба на осум водоснабдителни системи) , планираме да се продолжи оваа развојна програма во 2012 година ,со динамика која ќе овозможи целосна реализација на Програмата, со изградба на 2 водоснабдителни системи во 2010 год. , а во наредните 2 години ќе бидат изградени по три водоснабдителни системи во три населени места, така да до ноември 2012 г. ќе бидат изградени 8 водоснадителни ситеми во исто толку населени места.

Средствата се планира да бидат обезбедени од буџетот на општина Прилеп, и од средства од буџетот на РМ преку соодветните програми во Министерствата, Фондот за води на РМ .

4. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

## РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ГРАДСКА РЕКА

Во Буџетската 2009 година , во целост беа реализирани планираните активности во оваа Развојна програма , така што реализацијата во периодот 2010- 2012 ќе продолжат со планираната динамика.Регулација на речното корито на Градска река во Прилеп ќе се изведува на горниот и долниот тек на реката и истата ќе претставува продолжение на регулацијата на Градската река од централниот дел на градот кон периферните населби до градежниот опфат на Прилеп.

Досегашното нерегулирано корито на реката, претставува можност за неконтролиран испуст на отпадните води, негово излевање и поплавување на околните населби, формирање на површини со вода , кои беа лежишта за ширење на разни непријатни миризби, загадување на човековата околина и опасност за ширење на зарази и разни болести поврзани со нечистата вода.

Со регулацијата на коритото се отпочна во мај 2009 г. , со избор на најповолен изведувач , согласно на законот за јавни набавки.Активностите завршија во август со изградба на 185 метри на кејски зид и земјени работи на мајор-коритото на градската река. Со Годишната програма за 2010 година , се планира да се изгради кејски зид во должина од 1.000 метра и да се изврши регулација на минор и мајор - коритото на градската река , а за 2011 година се планира изградба на 800 м, така што за три години биде изведен комплетно целиот проект.

Вкупната сума на Развојната програма изнесува 35.000.000,оо ден. , и опфаќа регулација на речното корито во должина од 2200м. , при што ќе биде третирано мајор и минор-коритото, со формирање на бетонско регулирано минор корито, ѕидање на обални ѕидови , со што ќе се добијат и границите на целокупното речно корито со надоврзување на улиците што треба да поминуваат покрај кејовите.

Со ово проект , приградските населби би добиле еден убав и среден урбан простор со здрава и чиста околина, а со прифаќање на водите во канализациони колектори и водата од реката ќе биде со задоволителна чистина.

Средствата за Реализацијата на оваа Развојна програма , се планираатда се обезбедат од буџетот на општина Прилеп, и дел од буџетот на Републиката преку соодветните програми од Министерствата.

5. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

## ПРОЕКТ ЗА ГАСИФИКАЦИЈА НА ГРАД ПРИЛЕП

Проектот "Гасификација на град Прилеп" е во директна корелација со реализирање на "Проектот гасификација на Македонија" , и реализација на оваа Развојна Програма ќе ја следи динамиката на реализација на истиот.

Во 2009 година , активностите за реализација на тој проект , беа во фаза на редефинирање на развојните приоритети на Општина Прилеп , и со ребалансот на Буџетот на Општината од Октомври 2009 , беше одложена оваа Развојна програма за почеток на 2010 година , и планирано завршување на активностите во 2012 година.

Согласно потребите за развој на Општина Прилеп, односно за долгорочно изнаоѓање на алтернативни, екомични и еколошки извори на енергија, се планира изработка на проект за гасификација на град Прилеп.

Со оваа развојна програма за гасификација на град Прилеп, се планираат следните активности:

1.Изработка на Физибилити студија за оправданоста на овој проект во текот 2010 година

2. Изработка на Идеен проект за широка потрошувачка во текот на 2011 година

3. Изработка на Основен проект за изградба на гасоводен систем до крајните потрошувачи во текот на 2012 година.

За изработка на физибилити студијата, што се предвидува да отпочне во првиот квартал на 2010 година, потребни се средства во износ од 6.000.000 ден.

За изработка на Идејниот проект, што се предвидува да отпочне во првиот квартал на 2011 година, потребни се средства во износ од 6.000.000 ден.

За изработка на Основен проект, што се предвидува да отпочне во првиот квартал на 2012 година, потребни се средства во износ од 6.000.000 ден.

За реализација на оваа развојна програма финансиските средства се предвидуваат од Буџетот на Општината.

Изработката на Физибилити студијата, Идејниот проект и Основниот проект, ќе се обезбеди во постапки утврдени согласно Законот за јавни набавки.

Во Физибилити студијата, Идејниот проект и Основниот проект, проекцијата на потребните инсталации за гасификација на град Прилеп, ќе биде планирана по постојната сообраќајна инфраструктура. При проектирањето строго ќе се запазат сите технички и законски стандарди за ваков вид на објекти.

Со имплементацијата на оваа развојна програма се предвидува заокружување на системот за гасификација на РМ, која треба да заврши 2012 година, согласно развоните програми на Владата на РМ.

Ефекти кои се предвидува да се постигнат со реализација на оваа програма се: изнаоѓање на алтернативни, економични и еколошки извори на енергија, кои во денешно време на енергетска криза во регионот се потребни.

Бенефит од реализација на оваа развојна програма ќе имаат граѓаните на град Прилеп и самата индустрија на територијата на општина Прилеп.

Средствата за изведба на регулацијата на овој дел ќе се обезбедат од буџетот на општина Прилеп дел, дел од Буџетот на Владата на РМ преку програмите на соодветните министерства за финансирање на вакви проекти.

## 6. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
## **Изградба на потпорни ѕидови**

Реализацијата на оваа програма се предвидува да отпочне во 2010 г. , со што се очекува со изградбата на потпорните ѕидови на теренските услови каде има појава на ерозии и лизгалишта , предизвикани од стрмните теренски услови и несоодветниот досегашен третман.

Појавата на лизгалишта дополнително е предизвикана од изведба на објекти и инфраструктура на самите кризни локалитети .

Во наредниот период ќе се продолжи со изработка на документација каде нема прибавено, а за локалитетите каде има документација ќе се отпочне со нејзина изведба.

Вкупната вредност на Развојната програма во период од 2010 до 2012 изнесува 26.000.000,оо ден , при што во 2010 г. се планираат активности во висина од 6.000.000,оо ден. за изведба на потпорни ѕидови во должина од 200 м1.

Во наредните две години се предвидуваат средства од по 10.000.000,оо ден. со изградба на уште 2х350 м1.

Со реализацијата на оваа програма во многу ќе се подобри стабилноста на кризните терени, безбедноста на стабилноста на

објектите и инфраструктурата како и самата безбедност на животите на луѓето и материјалните добра.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се обезбедат од изворните приходи на буџетот на општина Прилеп.

7. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

Долгогодишното несоодветно третирање на канализациониот систем во општина Прилеп доведе до алармантна состојба на неконтролирано испуштање на отпадните води од кои посебно загрижува недопустливото слободно испуштање на фекалните води на разни места во градот и во речното корито на Градска река. Канализациониот систем граден пред повеќе децении и за многу помал капацитет долги години не беше проширувaн, а периферните населби нападнати од бесправна градба беа оставени без никакво решение за нивните отпадни води.

За проширување, рехабилитација и подобрување на системот за прифаќање, одводување и пречистување на отпадните води во општина Прилеп предвидено е повеќегодишно третирање на системот со опфаќање на сите населби во градежниот реон на Прилеп и оформување на една целина.Отпадната вода ќе се одведува во Пречистителна станица ќе ја преработува до задоволителна втора категорија на чистота и ќе може да се користи за наводнување по течението на реката.

Во 2010, г. ќе биде предвидено изведба на сепарирана канализација (фекална и атмосферска) во должина од 4000 м1

Ваквата динамика се предвидува да продолжи и во наредните две години 2011г. и во 2012 г. со што во многу ќе се подобри системот за прифаќање и одведување на отпадни води во градот и ќе се овозможи истите да бидат доведени во пречистителната станица која се предвидува да биде изградена во 2012 г. со средства од ИПА фондовите.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се обезбедат од изворните приходи на буџетот на општина Прилеп во висина од 70-80%, а остатокот ќе се обезбеди од Буџетот на Владата на РМ преку програмите на соодветните министерства за финансирање на вакви проекти.

Број 07 - 2921/2
12.11.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Опаштина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОБРАБОТКА НА УКРАСЕН АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖЕН КАМЕН НА КП БР. 1009 И 1010 КО АЛИНЦИ ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт - урбанистички план за изградба на стопански комплекс за обработка на украсен архитектонско-градежен камен на КП бр. 1009 и 1010 КО Алинци Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/2
16.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.26 ст.5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 12.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување **Нацрт Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс-за обработка на украсен архитектонско -градежен камен на кп.бр.1009 и 1010 - КО Алинци,општина Прилеп**

**Чл.1**

Се утврдува **Нацрт на Урбанистички план вон населено место- за изградба на стопански комплекс-за обработка на украсен**

**архитектонско-градежен камен на кп.бр.1009 и 1010 -КО Алинци** во Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Вака определениот плански опфат **е со површина од 0,45ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Одлука за донесување измени и дополнување на Програмата** за донесување на урбанистички планови за 2007год.,за Општина Прилеп бр.07-2124/5 од 25.09.2007год.-донесена од Советот на Општина Прилеп.

**2. Елаборат за Услови за планирање на просторот** ,техн.бр.28607 од Октомври 2007год.,изработен од Агенција за планирање на просторот.

**3.Решение за Услови за планирање на просторот** бр.15-3567/1 од 06.05.2008год.,од Министерство за животна средина и просторно планирање од Скопје.

**4. Урбанистички план вон населено место- за изградба на стопански комплекс-за обработка на украсен архитектонско-градежен камен на кп.бр.1009 и 1010 -КО Алинци, во Општина Прилеп-фаза Нацрт план ,техн.бр.УП/29/08 од 2009год. изработен од ДООЕЛ "СТИЛ ПРОЕКТ" од Прилеп , кој содржи:**

-Решение за регистрација на фирмата

-Овластување на правното лице за изработување на урб. планови

- Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

. -Текстуален дел

**- Графички прилози во документациона основа:**

-Извод од Просторен план на РМ

-Прегледна карта М=1:2500

-Постојна инфраструктура М= 1:1000

-Ажурирана геодетска подлога изработена од ДООЕЛ **”ГЕО РЕПЕР”** од Прилеп.

-Инвертаризација и снимка на постоен градежен фонд

-Инвертаризација и снимка на бесправно изградени градби

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

-Текстуален дел

- Вид на Планот, назив на подрачјето на планксиот опфат и географска местоположба
- Тексутални одредби од Иводот на ПП кои се однесуват на планскиот опфат и се услови за планирање
- образложениет за планскиот концепт за просторен развој и образложение на планските решенија за изградба на објектите, сообраќајната и комуналната инфраструктура,
- економско образложение
- Посебни услови за изградба
- Општи услови за изградба
- Нумерички податоци за планираната состојба

**- Графички прилози во планската документација**

- План на намена на земјиштето М= 1: 1000

-Регулационен план и план на површини за градење М= 1: 1000

- Сообраќајно решение, зеленило и нивелационен планМ= 1: 1000
- Планско решение за водовод и канлизација М= 1: 1000
- Планско решение за електрика и ПТТ М= 1: 1000

-Синтезен план М= 1: 1000

**5.Извештај за извршена стручна ревизија** на Нацрт урбанистички план вон населено место Ђза изградба на стопански комплекс за обработка на

украсен архитектонско-градежен камен во МВ "Прдлојца" на КП бр. 1009 и КП бр. 1010 КО Алинци, Општина Прилеп,изработена од "ИНПУМА"в од Скопје од Ноември 2008год.

**6.Одговор на забелешките од Стил-Проект"** од Прилеп, заверен во Општина Прилеп под бр.09-3086/4 од 29.11.2008год.

**7.Стручно мислење бр.**17-11883 од 07.12.2007год. од МТВ-Сектор за планирање на просторот ЂСкопје.

**8.Одговор на забелешките од Стручното мислење** бр.09-183/7 од 09.11.2009год.,изработен од изработувачот на планот ДООЕЛ"Стил - Проект" од Прилеп.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2921/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА НА КП БР. 3177/1 , КП БР. 3177/2, КП БР. 3177/3, КП БР. 3177/4, КП БР. 3177/6, И КП БР. 3177/8, МВ "КРИВА РЕКА" - КО ПРИЛЕП - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување урбанистички план вон населено место за изградба на пречистителна станица на КП бр. 3177/1 , КП бр. 3177/2, КП бр. 3177/3, КП бр. 3177/4, КП бр. 3177/6, и КП бр. 3177/8, МВ "Крива река" - КО Прилеп - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26 ст.5 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05, 137/2007 и 91/2009), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 12.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За донесување **Урбанистички план вон населено место за изградба на пречистителна станица на КП бр.3177/1, КП бр.3177/2, КП бр. 3177/3, КП бр.3177/4, КП бр.3177/6, КП бр.3177/8, м.в „Крива Река„- КО Прилеп-општина Прилеп**

**чл.1**

Се донесува **Урбанистички план вон населено место за изградба на пречистителна станица на КП бр.3177/1, КП бр.3177/2, КП бр. 3177/3, КП бр.3177/4, КПбр.3177/6, КПбр.3177/8, м.в„КриваРека„- КО Прилеп-општина Прилеп.**

**чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови за 2009 год., донесена од Влада на РМ;**

**2.Одлука за донесување измени и дополнувања на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2007 год.;одлука** бр.07-1144/15 од 06.05.2009 **и одлука** бр.07-2456/34 од 17.09.2009 год**., донесено од Советот на општина Прилеп;**

**3.Решение за услови за планирање на просторот-бр.** 15-8526/5 од 30.10.2009г**., со елаборате за услови за планирање на просторот тех. бр. 09008/1- Министерство за животна средина;**

**4.Извештај од извршена Стручна ревизија,бр.**16-8999/3 од 03.09.2009г**.,** на предлог планот, изработена од комисија за стручна ревизија;

**5.Одговор на забелешките од Стручната ревизија,** изработен од изработувачот на планот , **ДООЕЛ вПеркан Проект** г од Прилеп од Септември 2009год.;

**6.согласности :Министерство за животна средина и просторно планирање,** бр.08-7136/2 од

24.09.2009г.; **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, бр.12-12829/2 од 16.10.2009 г.; **Дирекција за заштита и спасување**, бр.09-456/2 од 14.10.2009г; **ЈКП„Водовод и канализација,** бр.03-553/2 од 07.10.2009г.;**ЕВН**, бр.24-3107/2 од 30.10.2009г. и **Македонски Телеком**, бр.03-91/1 од 05.10.2009г.

**7.Одлука за организирање на јавна анкета и јавна презентација** бр.03-2227/12 од 15.10.2009год.;

**8.Одлука за организирање стручна расправа**,бр.03-2227/10 од 15.10.2009 год.;

**9.Две соопштенија** бр.03-2227/14 од 15.10.2009 год. и бр.2227/15 **од** 15.10.2009 год. Објавени во јавни гласила -Дневник и Вечер;

**10.Известување** бр.09-2227/16 од 20.10.2009г.

**11.Извештај од јавна анкета и јавна презентација** бр.09-2429/2 од 02.11.2009год;

**12.Извештај од стручна расправа** , бр. 09-2429/1 од 30.10.2009 г.

**13.Решение за давање на согласност за трајна пренамена бр.22-9555/3 од 03.11.09год. од Министерство за замјоделство,шумарство и водостопансто Скопје.**

**14.Комплетен примерок од предлог планот,** тех. бр.84/2009год., изработен од **ДООЕЛ гПеркан Проектг** од Прилеп,**кој содржи:**

**13.Согласност на Предлог планот** ,од Министерството за транспорт и врски бр._ **16-13070/2 од 06.11.2009 год.**

**Предлог планот содржи:**

**ОПШТ ДЕЛ**

-Насловна страна
-Содржина
-Изводод регистрацијата на фермата
-Лиценца на фермата
-Решение за одредување на изработувачи на планот
-Овластување на планерите
-Решение за услови за планирање на просторот
-Услови за планирање на просторот
-Елаборат за ажурирање на подлога
-Извод од годишната програма ма општина Прилеп за предметниот опфат
-Податоци и согласности за инфраструктурата од надлежми институции (ЕСМ, ЕВН, Македонски комуникации, ЈКП„Водовод И канализација„ Завод за заштитан а спомениците на културата,РЕ хидросистем ТУТ-КОМ)

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1Вовед
2-Извод од просторен план на РМ
2.1Услови за планирање на просторот
3 Географски и геодетски податоци за планскиот опфат
4.Историја на планирањето на урбанистичкиот план
5. Природни фактори и валоризација на вредностите од поширок процтор
5.1Природни фактори
6.Детерминираност на просторно-физичкиот развој
7 Инвентаризација на постоен градежен фонд
8 Инвентаризација на постојна комунална инфраструктура
8.1Сообраќајна мрежа
8.2Водоводна мрежа
8.3Канализациона мрежа
8.4Хидросистем
8.5Електроенергетика
8.6Телекомуникациска мрежа
9.Создадени вредности како императиве за планираниот развој

**Б.ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

1 Извод од Просторен план на РМ P=1:250000
2.Диспозиција на пречистителната станица P=1:25000
3Извод од ГУП на град Прилеп P=1:5000
4 Ажурирана геодетска подлога P=1:1000
5 Инвентаризација на постоен градежен фонд и снимка на бесправно изградени градби P=1:1000
6Инвентаризација и снимање на изградената комунална и сообраќајна инфраструктура P=1:1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

-Планска програма
1Вовед
2Географски и геодетски податоци за планскиот опфат
3Насоки од изводот од план од повисоко ниво
4Планска програма
5Опис и образложение на планскиот цонцепт
5.1Систем на класи и намени
6Парцелација и регулација
7Површини за градба и висински план
8Нумерички дел
8.1Нумерички показатели
8.2Билансни показатели
9Опис и образложение на планските

решенија за сообраќајна и комунална инфраструктура
9.1Плански решенија на примарна и секундарна сообраќајна мрежа
9.2Електроенергетика
9.3Телекомуникациска мрежа
9.4Водовод и канализација
10Економско образложение
11Мерки и план за заштита и спасување
11.1Заштита и спасување од пожар
11.2Заштита од други катастрофи
11.3Засолнување
12Заштита на животната средина
13Останато
13.1Делумно обработени барања
14Услови за изградба,развој и користење на земјиштето и градбите во рамките на планскиот опфат
14.1Општи услови
14.2Посебни услови

**ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

1План на намена на земјиштето и градбите, Р=1:1000
2Регулационен план Р=1:1000
3План на површини за градење Р= 1:1000
4Сообраќаен и нивелмански Р=1:1000
5Инфраструктурен план Р=1:1000
Синтезен план Р=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,во електронски формат,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Агенцијата за катастар на недвижности на чување и користење.

**Чл.5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во вСлужбен гласник на општина Прилепг.

| | |
|---|---|
| Број 07 - 2921/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 12.11.2009 година | на Советот на општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананција |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА ЗАБОЛЕНИ ОД ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА - ПРИЛЕП, ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

1. Одлуката за ослободување на Здружението на родители на деца заболени од Церебрална парализа - Прилеп, од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 2939/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 16.11.2009 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на точка 6 став 4 од Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2009 година (“Сл.гласник на општина Прилеп” бр.2/2009) член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 26, став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Сл.гласник на Општина Прилеп” бр.6/03 и 4/05), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 12.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за ослободување на Здружението на родители на деца заболени од Церебрална парализа - Прилеп од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Член 1

Здружението на родители на деца заболени од Церебрална парализа - Прилеп, се ослободува од обврската за плаќање надоместок за комунално уредување на градежно земјиште за адаптација и реконструкција на објект на КП Бр. 15627 КО Прилеп - стара градска болница.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп", а ќе се примени при издавање на урбанистичко техничка документација за изградба на истите.

Број 07 – 2921/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2009 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНИРАЊЕ НА АРМАТУРИ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЖИВИНИ СТЕТИЛКИ**

1. Одлуката за донирање на арматури за улично осветлување и живини стетилки, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2009 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 т.10 од Законот за локалната самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на општина Прилеп("Сл. гласник на општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005) Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 12.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донирање на арматури за улично осветлување и живини светилки

Член 1

**На Министерството за Правда-Управа** за извршување на санкции-**Затвор Прилеп**, општина Прилеп **донира 10(десет) користени арматури за улично осветлување (стар тип) од 125 вати и 20(дваесет) користени исправни живини светилки за истите арматури**.

Член 2

На **општина Кривогаштани** и се **донираат 30 (триесет) користени комплет арматури за улично осветлување (стар тип) од 125 вати**.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 2921/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2009 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за дополнување на Инвестиционата Програма на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2009 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 12.11.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за дополнување на Инвестиционата Програма на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2009 година

1. Се дава согласност на Одлуката за дополнување на Инвестиционата Програма на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2009 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 07 – 2921/7 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 12.11.2009 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за основање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 2939/7 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 16.11.2009 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 412 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ 54/07), член 22 став 1 точка 4, член 32 и 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ( Службен гласник на Општина Прилеп бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 12.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За основање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Прилеп

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Прилеп (во понатамошниот текст ОСБСП), се определуваат задачите на ОСБСП, избор и мандатот на членовите на ОСБСП, избор на Претседател и Секретар на ОСБСП, начинот на финансирање.

Член 2

Општина Прилеп, со оваа Одлука го формира ОСБСП Прилеп како посебно правно лице со посебни жиро сметка и даночен број.

**II. ЗАДАЧИ НА ОСБСП**

Член 3

Задачи на ОСБСП Прилеп се:

- унапредување на работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во општината;
- унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно образовната работа на предучилишните установи и училиштата;
- остварување на соработка и координација во превентивната работа на органите, институциите, правните лица и другите субјекти на самозаштита во областа на патниот сообраќај;
- организирање на учество во сообраќајно воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентиве;
- поттикнување, развивање и помагање на научно истражувачката работа во безбедноста на патниот сообраќај;
- набавка и издавање на сообраќајно воспитни публикации, филмови и слично;
- организирање на научни и стручни собири за работа од областа на безбедноста на патниот сообраќај;
- соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавностаза мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата

**III. ЧЛЕНОВИ НА ОСБСП**

Член 4

Членовите на ОСБСП Прилеп се именуваат согласно член 414 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник бр.54/2007 година) односно нив ги избира Советот на Општината прилеп на предлог на републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, нивниот мандат трае четири години со право на повторно именување, со нивното именување се именуваат Претседател на ОСБСП и Секретар на ОСБСП Прилеп.

**IV. РАБОТА НА ОСБСП**

Член 5

ОСБСП Прилеп работи според Деловник за работа донесен од Советот на Општина Прилеп со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начин на работа.

**V. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСБСП**

Член 6

За остварување на неговите задачи ОСБСП Прилеп донесува Програма за работа за секоја календарска година.

Програмата на ОСБСП Прилеп ќе се финансира од Буџетот на Општината Прилеп, од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, од донации и други извори согласно законите во РМ.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 7

Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 8

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 – 2921/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2009 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ПРИЛЕП**

1. Деловникот за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2009 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 415 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ 54/07), како и Одлуката на Советот на Општина Прилеп, број 07 - 2921/8, од 12.11.2009 година, Советот на Општина Прилеп на седницата на 12.11.2009 година, го донесе следниот:

**Д Е Л О В Н И К**

За работа на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Прилеп

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Деловник поблиску се определуваат: начинот на работа на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Прилеп ( во понатамошниот текст:ОСБСП), правата и должностите на членовите на ОСБСП, работата на органите на ОСБСП, работата на работните тела-комисиите што ги формира ОСБСП, актите што ги донесува ОСБСП, соработката со другите органи и организации, особено на локално ниво, а се регулираат и други прашања од значење за работата на ОСБСП.

**Член 2**

ОСБСП ги врши своите работи и задачи врз основа на Законот, Одлуката за негово формирање, Деловникот, како и врз основа на други акти што ги донесува ОСБСП.

ОСБСП е посебно правно лице со сопствена жиро сметка и даночен број.

**Член 3**

За остварувањето на своите работи и задачи, ОСБСП утврдува годишна програма за работа. При донесувањето на програмата ОСБСП ги има во предвид доставените мислења и предлози од заинтересираните органи и организации, со кои остварува соработка и координација во работата, а особено насоките што ги дава Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Врз основа на годишната програма за работа на ОСБСП може да донесе планови за работа (едномесечни, тримесечни, полугодишни и сл.).Програмата и плановите за работа на ОСБСП се задолжителни за неговите органи и работни тела.

**Член 4**

Работата на ОСБСП и неговите работни тела е јавна.

**Член 5**

ОСБСП го претставува Претседателот на ОСБСП.

**Член 6**

ОСБСП има свој печат и штембил. Печатот има тркалезна форма.

Во средината на печатот е грбот на Република Македонија, а околу него и натписот : Република Македонија - Општина Прилеп, Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Прилеп .

**II.ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОСБСП**

**Член 7**

Членовите на ОСБСП, освен правата и должностите утврдени со закон, ги имаат правата и должностите утврдени со овој деловник.

**Член 8**

Членовите на ОСБСП имаат право и должност да присуствуваат на седниците на ОСБСП и неговите работни тела чии членови се, и да учествуваат во работата и во одлучувањето.

Секој член има право да бара известување и објаснување како и да поставува прашања за определени работи што се во делокруг на ОСБСП.

Прашањата можат да бидат поставени во усна или писмена форма.

Одговорот на поставеното прашање може да се даде на истата или на наредната седница на ОСБСП.Доколку членот на ОСБСП не е задоволен со дадениот одговор, може да предложи по истото прашање да се отвори претрес на истата или на наредната седница на ОСБСП.

**Член 9**

Членовите на ОСБСП имаат право да покренуваат иницијатива за разгледување на одделни прашања на седницата на ОСБСП и да предлагаат внесување на одделни прашања во дневниот ред на седница.

**Член 10**

За присуството на членовите на седницата на ОСБСП, како и на седницата на работните тела се воид евиденција.Евиденцијата од став еден на овој член ја води Секретарот на ОСБСП.

Членот на ОСБСП кој е спречен да присуствува на седницата, должен е навремено да го извести Претседателот или Секретарот на ОСБСП.

**Член 11**

Членовите на ОСБСП имаат право на надоместок за патни и дневни трошоци, за време на одржување на седниците на ОСБСП и на работните тела независно од времетраењето на седниците, потоа за други ангажмани за потребите на ОСБСП, како и заради нормално функционирање и организирање на работата на ОСБСП покривање на материјалните трошоци согласно закон.

Висината на патните и дневните трошоци (дневница), во со закон утврдени рамки, се определува со посебна одлука на ОСБСП.

**Член 12**

Членот на ОСБСП може да биде разрешен пред истекот на мандатот.

На членот на ОСБСП му престанува мандатот ако поднесе оставка или во случај на смрт.

Членот на ОСБСП може да биде разрешен пред завршување на мандатот во следните случаи:

- поради боледување подолго од една година заради кое не може да ја извршува функцијата,
- кога е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење најмалку шест месеци, и
- заради неоправдано отсуство од седниците на ОСБСП подолго од шест месеци.

Предлог за разрешување на членот на ОСБСП, се доставува до Советот на Општината, а за истото се известува Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**III.ОРГАНИ НА ОСБСП**

1. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСБСП

**Член 13**

При донесувањето на Одлуката за именување на членови на ОСБСП во истата посебно се наведува кој ќе ја врши функцијата Претседател на ОСБСП.

Претседателот на ОСБСП раководи до работата на ОСБСП, го претставува ОСБСП, свикува седници на ОСБСП И претседава на нив, ги потпиешува одлуките и другите акти што ги донесува ОСБСП и се грижи за нивното спроведување, се грижи за примената на овој Деловник, се грижи за остварувањето на соработката со органите и организациите кои дејствуваат превентивно во сообраќајот на патиштата, ја усогласува работата на ОСБСП и на работните тела, се грижи за извршувањето на програмата за работа на ОСБСП, и врши други работи во согласност со закон.

2.СЕКРЕТАР НА ОСБСП

**Член 14**

При донесувањето на Одлуката за именување на членови на ОСБСП во истата посебно се наведува кој ќе ја врши функцијата Секретар на ОСБСП.

Поради карактерот на работите и организационата поставеност пожелно е Секретарот на ОСБСП да биде вработен во Министерството за внатрешни работи и

истиот да има исклучителни познавања од областа на сообраќајот и правото.

**Член 15**

Секретарот ги врши работите на ОСБСП утврдени со овој деловник, како и други работи што ќе му ги довери Претседателот на ОСБСП и ОСБСП.

**Член 16**

Секретарот на ОСБСП се грижи за реализација на програмата за работа на ОСБСП и работните тела на ОСБСП, остварувањето на соработка со заинтересирани органи и организации, особено со останатите Совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, се грижи за подготвувањето на материјалите за седниците на ОСБСП, за обезбедувањето и доставувањето на материјалите потребни за работа на ОСБСП и неговите работни тела, му помага на Претседателот во подготвувањето и организирањето на седниците на ОСБСП, се грижи за доставување на одлуките и другите акти на ОСБСП до заинтересираните органи и организации, особено до Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, се грижи за обезбедувањето услови за работа на ОСБСП и работните тела на ОСБСП, и го запознава ОСБСП со законите и другите прописи важни за работата на ОСБСП.

## IV.РАБОТНИ ТЕЛА НА ОСБСП

**Член 17**

Заради поефикасно и порационално работење на ОСБСП при реализирањето на своите програмски задачи, како и за разгледување и разрешување на конкретни прашања и проблеми кои се во делокругот на работата на ОСБСП, ОСБСП со посебна одлука формира постојани работни тела-комисии(во натамошниот текст:комисии) во чии состав покрај членови на ОСБСП може да кооптираат надворешни лица кои се истакнати стручњаци, кои имаат познавање и работат на прашањата поврзани со безбедноста во сообраќајот.

За извршување на еднократни работи на ОСБСП, ОСБСП може да формира повремени работни групи, кои функционираат до завршувањето на конкретната работа.

Постојани комисии на ОСБСП се:

- Комисија за унапредување на сообраќајното воспитание и образование во училиштата и
- спроведување на сообраќајно воспитни манифестации и акции;
- Комисија за сообраќајно-техничко уредување на сообраќајот;
- Комисија за финансиски работи;
- Комисија за информирање и маркетинг.

**Член 18**

Комисиите ги следат и разгледуваат прашањата од областа за која се основани, иницираат разгледување на одделни прашања од доменот на ОСБСП и по нив му даваат на ОСБСП свои мислења, предлози, заклучоци и предлагаат донесување на одлуки.

**Член 19**

Секоја комисија има претседател и минимум два члена.

Со одлука за формирање на комисијата конкретно се определува составот и делокругот за работа.

**Член 20**

Комисиите на ОСБСП работат на седници. За седниците на комисиите се известуваат Претседателот и Секретарот на ОСБСП.

**Член 21**

Претседателот на комисијата ја организира работата на комисијата.

На седницата на комисијата се воид записник.

Записникот го воид Секретарот на ОСБСП, а го потпишува претседателот на комисијата.

**Член 22**

Комисиите разгледуваат прашања од својот делокруг по сопствена иницијатива, а се должни да го разгледуваат секое прашање од својот делокруг чие разгледување ќе го побара Претседателот на ОСБСП или ОСБСП.

**Член 23**

Комисиите соработуваат меѓусебно.

Заедничка седница на две или повеќе комисии се свикуваат договорно со претседателите на комисиите, или по барање на Претседателот на ОСБСП или ОСБСП.

## V.НАЧИН НА РАБОТА НА ОСБСП

**Член 24**

ОСБСП работи и одлучува на седници по прашања од својот делокруг на работа.

Претседателот, Секретарот, членовите на ОСБСП, како и другите присутни на седниците, се должни да ги чуваат податоците што се одредени како државна, службена, воена или деловна тајна.

**Член 25**

Седницата на ОСБСП ја свикува Претседателот на ОСБСП по своја иницијатива или по барање на ОСБСП.

ОСБСП ќе свика седница и тогаш кога ќе го побара некоја од комисиите на ОСБСП или ако тоа го бараат најмалку повеќе од половината членови на ОСБСП.

**Член 26**

Поканата за седница на ОСБСП, со предлог на дневниот ред и со потребните материјали им се доставуваат на членовите на ОСБСП најдоцна три дена пред денот определен за одржување на седницата.

Претседателот на ОСБСП може во итни случаеви да свика седница на ОСБСП И во рок пократок од три дена.

Во случаите од став 2 на овој член, предлогот на дневниот ред може да се поднесе и на самата седница.

**Член 27**

Предлогот за дневниот ред за седницата на ОСБСП го поднесува Претседателот на ОСБСП.

Претседателот на ОСБСП во предлогот на дневниот ред ги внесува прашањата што ги предложиле одделни членови на ОСБСП и комисиите на ОСБСП.

**Член 28**

Предлогот на дневниот ред за седницата на ОСБСП Претседателот може да го достави и до други органи и организации кои дејствуваат превентивно во сообраќајот на патиштата како и до организациите од областа на јавното информирање, заради заедничка соработка и координација односно известување на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентиве што ги предлага ОСБСП.

Поканетите претставници кои не се членови на ОСБСП, од заинтересираните органи и организации, можат да учествуваат во работата на седницата на ОСБСП, но без право на одлучување.

**Член 29**

Дневниот ред на седницата на ОСБСП се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 30**

Секој член може, на седницата на ОСБСП, да предложи одделно прашање да се внесе, односно да се брише од дневниот ред. Во тој случај се изнесуваат и причините за дополнување, односно за симнување од дневниот ред на соодветното прашање.

По горе наведениот предлог за дополнување, односно за бришење на определена точка од дневниот ред одлучува ОСБСП со гласање.

**Член 31**

Пред да ја отвори седницата на ОСБСП, Претседателот на седницата го утврдува бројот на присутните членови на ОСБСП. Од кога ќе констатира дека се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на ОСБСП, ќе ја отвори седницата и ќе го предложи дневниот ред за утврдување.

Пред утврдувањето на дневниот ред, се усвојува записникот од претходната седница.

По утврдувањето на дневниот ред, преминува кон разгледување на одделни прашања од усвоениот дневен ред.

По завршното разгледување на одделни прашања, Претседателот на ОСБСП го предлага текстот на предлог на заклучокот или одлуката за усвојување.

**Член 32**

ОСБСП решава полноважно по прашањата од својот делокруг на седницата на која присуствуваат мнозинството од вкупниот број на неговите членови.

По исклучок, во итни случаи ОСБСП може да решава по прашања од својот делокруг и без одржување на седница свикана според потребите на член 26 од овој деловник.

Во случаите од став 2 на овој член, Претседателот ќе изврши консултирање со мнозинството членови на ОСБСП и врз основа на нивната согласност ќе го утврди ставот или мислењето на ОСБСП по односното прашање.

За одлуките на ОСБСП донесени на начинот пропишан во став 2 и 3 од овој член, се составува записник, кој се поднесува на усвојување на првата наредна седница на ОСБСП.

**Член 33**

Ако прашањето што е разгледано на седницата на ОСБСП, не бара донесување на одлука, односно утврдување на предлог, став и мислење, насоки или заклучок, се преминува на следната точка на дневниот ред.

**Член 34**

За работата на седницата на ОСБСП се воид записник. Записникот содржи: време на почнување и завршување на седницата, дневен ред на седницата, бројот на присутните и отсутните членови и имињата на поканетите други лица да присуствуваат на седницата, предлозите изнесени на седницата од секој присутен кој зел учество во дискусијата, усвоените одлуки, заклучоци, насоки, ставови и мислења по одделни прашања.

Во записникот се внесува и резултатот од гласањето по прашањата за кои одлучувал ОСБСП.

Секој член на ОСБСП кој на седницата го издвоил своето мислењепо одделно прашање може да бара неговиот став да се внесе во записникот.

Записникот го потпишува Секретарот на Советот или изготвувачот на записникот.

**Член 35**

Секој член на ОСБСП има право да учествува во дискусијата по секоја точка од дневниот ред на седницата.

Ако некој член на ОСБСП или друго присутно лице на седницата во дискусијата се оддалечи од прашањето што е предмет на разгледување или го пречекори вообичаеното време за дискусија, Претседателот на ОСБСП ќе го опомене, а по потреба и ќе ја прекине дискусијата.

**Член 36**

ОСБСП работи со усогласување на ставовите на своите членови, а донесува одлука со мнозинството гласови на присутните членови, ако со овој Деловник не е поинаку определено.

**Член 37**

Членовите на ОСБСП гласаат на седницата на ОСБСП за одделни прашања така што се изјаснуваат <**за**> или <**против**> предлогот, или се <**воздржуваат**> од гласањето.

**Член 38**

Гласањето на седницата на ОСБСП е јавно.

Резултатот од гласањето го утврдува и објавува Претседателот.

## VI.АКТИ НА ОСБСП

**Член 39**

Во вршењето на своите права и должности утврдени со закон, одлуката за формирањето на ОСБСП и на овој Деловник, ОСБСП донесува одлуки, упатства, заклучоци, утврдува насоки, предлози, ставови и мислења.

**Член 40**

Актите на ОСБСП ги потпи шува Претседателот на ОСБСП.

На актите на ОСБСП се заведуваат во соодветните деловодни книги и на истите се става печат.

Оригиналите од актите на ОСБСП се чуваат во архивата на ОСБСП за чие уредно водење се грижи Секретарот на ОСБСП.

## VII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

Овој Деловник влегува во сила од денот на неговото донесување.

**Член 42**

Измени и дополнувања на овој Деловник за работа се врши на начин и процедура по која што е донесен.

Број 07 – 2921/9
12.11.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ПРИЛЕП

1. Решението за именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/9
16.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 412 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ 54/07), член 22 став 1 точка 4, член 32 и 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ( Службен гласник на ОпШтина Прилеп бр. 6/2003) и членовите 4 и 5 од Одлуката за основање на Општински совет за безбедност на сообраЌајот на патиштата (Службен гласник на Општина Прилеп бр.15/2009), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 12.11.2009 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Прилеп

1.Се разрешуваат членовите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Прилеп именувани со Решение број 07-1459/11 од 12.06.2009 година.

2.Зачленови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патишата Прилеп се именуваат:

-Димитар Стеванаџија, Претседател
-Оливер Лукароски, Секретар
-Илија Карески, член
-Златко Петрески, член
-Пеце андоноски, член

-Кирил Наумоски, член
-Блаже Бошкоски, член
-Љупчо Спиркоски, член
-Златко Илиоски, член
-Марјан Матракоски, член
-Горан Јошески, член
-Томислав Белакапоски, член и
-Соња Блажеска, член.

3. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на ОпШтина Прилеп.

Број 07 – 2921/10
12.11.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВОУЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА СОЕПТУ "КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување претставници на Општина Прилеп воУчилишниот одбор на СОЕПТУ "Кузман Јосифовски - Питу" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/10
16.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 101 став 2, 5 и 7 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006 и 71/2006) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 12.11.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп

1. За претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп, повторно се именуваат:
- Конеска Соња, 075 - 559 -305;
- Тренкоска Јулијана, 430 - 750 и
- Бакаров Влатко, 413 - 182.

2. Мандатот на членовите на Училишниот одбор трае 4 години.

3. Решението да се достави до именованите, СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу", Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 2921/11
12.11.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/11
16.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 12.11.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - П р и л е п**

1. ГОРИЦА ЌУЌУРОСКА., се разрешува од член на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, именувана со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 12/2009).

2. За член на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација", се именува:

- Марина Велјаноска, 070 - 712 - 559.

3. Мандатот на членот на Управниот одбор трае 4 години.

4. Решението да се достави до именованите, ЈКП "Водовод и канализација", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2921/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПУМПНА СТАНИЦА ВО М.В.БЕГОВА ЛИВАДА ВО КО ВАРОШ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за усвојување на Планска Програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Пумпна Станица во м.в.Бегова Ливада во КО Варош во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.15 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 12.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За усвојување на Планска Програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Пумпна Станица во м.в.Бегова Ливада во КО Варош во Општина Прилеп

**Чл.1**

Се усвојува Планската Програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за за Пумпна Станица во м.в.Бегова Ливада во КО Варош со плански опфат како што е означено во графичкиот прилог кој е стоставен дел на оваа Одлука .

Вака определениот плански опфат **е со површина од 27 ха.**

**Чл.2**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07-2921/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2939/13
16.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(„Сл.весник на РМ„ бр. 51/05 и 137/07) член 22 с.1 т.1 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 26, с.1 т. 7 од Статутот на општина Прилеп(„Сл.гласник на општина Прилеп„ бр. 6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 12.11.2009 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2009 година**

Член 1

**Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2009 година** („Сл.гласник на општина Прилеп„ бр. 2/09;8/09;13/09) се дополнува со:

- Во глава **Г УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО** , после точка 5, се додава следната точка:

**6.Урбанистички план вон населено место** за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини - рудник Вепрчани во површина од------------------------ **5,85 ха**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Прилеп„.

Број 07-2921/14
12.11.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

**С О Д Р Ж И Н А**
**на "Службен гласник на Општина Прилеп"**
**број 15 од 16.11.2009 година**

1. План на развојни програми на Општина Прилеп за 2010 година...........**Стр. 1**

2. Одлука за утврдување на Нацрт - урбанистички план за изградба на стопански комплекс за обработка на украсен архитектонско-градежен камен на КП бр. 1009 и 1010 КО Алинци Општина Прилеп.......................................................**Стр. 5**

3. Одлука за донесување урбанистички план вон населено место за изградба на пречистителна станица на КП бр. 3177/1 , КП бр. 3177/2, КП бр. 3177/3, КП бр. 3177/4, КП бр. 3177/6, и КП бр. 3177/8, МВ "Крива река" - КО Прилеп - Општина Прилеп.........................................................................................................**Стр. 7**

4. Одлука за ослободување на Здружението на родители на деца заболени од Церебрална парализа - Прилеп, од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.........................................................................**Стр. 9**

5.Одлука за донирање на арматури за улично осветлување и живини стетилки.........................................................................................................**Стр. 10**

6.Решение за давање согласност на Одлуката за дополнување на Инвестиционата Програма на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2009 година..........................................................................................................**Стр. 10**

7. Одлука за основање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Прилеп..............................................................................**Стр. 11**

8. Деловник за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Прилеп..............................................................................**Стр. 12**

9. Решение за именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Прилеп. ..........................................................**Стр. 16**

10. Решение за именување претставници на Општина Прилеп воУчилишниот одбор на СОЕПТУ "Кузман Јосифовски - Питу" - Прилеп. ..................................**Стр. 17**

11. Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - При.......................................................................**Стр. 17**

12. Одлука за усвојување на Планска Програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Пумпна Станица во м.в.Бегова Ливада во КО Варош во Општина Прилеп.....................................................................**Стр. 18**

13.Програма за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2009 година...........................**Стр. 19**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.**